РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

GIZ Project: Regional Project on Social Rights for Vulnerable Groups (SoRi)

# МЕТОДОЛОГИЈА

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ

- ФИНАЛНА ВЕРЗИЈА -

Изработил: Ристо Иванов, Д-р, СМС, PMP

Скопје јуни, 2018

german cooperation
DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT

Implemented by

giz Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH

Оваа публикација е поддржана од Регионалниот ГИЗ проект за социјални права на ранливи групи по налог на Германското сојузно министерство за економска соработка и развој (БМЗ).

Мислењата во оваа публикација го претставуваат мислењето на авторот и не ги претставуваат нужно ставовите на Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ).

# СОДРЖИНА

Предговор....4
Вовед....4
1. Преглед на постојната практика во давањето социјални услуги....6
1.1 Држави на ЕУ....6
Велика Британија....6
Унгарија....7
Холандија....8
1.2 Земји од регионот и непосредното окружување....8
Бугарија....8
Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина....9
Хрватска....10
Словенија....10
Заклучоци....14
1.3 Практика во Македонија....14
1.3.1 Преглед на услуги за вонинституционална заштита....16
2. Соработка со сите засегнати страни....20
2.1 Работна група за методологијата за утврдување на цените за социјалните услуги....20
2.2 Препораки до работната група во изработка на предлог-методологијата....20
4. Методологија за утврдување на цените за социјалните услуги....22
ОПШТИ ПРАВИЛА ЗА ЦЕНИТЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ....22
УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА ПОЕДИНЕЧНИТЕ УСЛУГИ....24
Домашна нега и помош на поединец и на семејството....24
Сместување во згрижувачко семејство....25
Организирано живеење со поддршка....25
Сместување во мал групен дом....26
Лична асистенција....27
ИЗДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ И УСОГЛАСУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ....28
ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ....29

Анекси....29
1) Анекс 0.1 Табеларен преглед на петте социјални услуги....29
2) Образец 1 Стандард и цени за домашна нега и помош на поединец и на семејство....29
3) Образец 2 Стандард и цена за згрижувачко семејство....29
4) Образец 3 Стандард и цена за организирано живеење со поддршка....29
5) Образец 4 Стандард и цена за мал групен дом....29
6) Образец 5 Стандард и цена за лична асистенција....29
7) Образец 6 Стандард и цена за социјална рехабилитација на лица што употребуваат, односно злоупотребуваат дрога и други психотропни супстанции....29
8) Образец 7 Стандард и цени на услугата Дневен центар за лица со интелектуална и физичка попреченост....29

## Предговор

Деинституционализацијата е политика што во Македонија се спроведува во последните дваесетина години. Таа е признаена на меѓународно и ниво на ЕУ како најдобар начин да се поддржат децата и возрасните преку социјална грижа и задоволување на потребите на ниво на локални заедници. Начелата на деинституционализацијата се содржани во голем број меѓународни документи, како што е Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост. Деинституционализацијата се дефинира како *трансформација на институциите* и *истовремен развој на услугите/службите во заедницата*. Таа претставува процес на интегрирано планирање за трансформација на институциите, намалување на нивниот капацитет и/или нивно затворање, со истовремено воспоставување услуги во заедницата, чијашто функција се темели врз стандардите за човековите права.

Република Македонија е држава што во законските документи покажува недвосмислена определба да ги развива социјалните услуги и тоа преку процесите на деинституционализација, децентрализација и плурализација.

Сепак, сѐ уште е изразена потребата да се унапредува и да се надградува овој сектор, пред сѐ, преку определување минимум стандарди за квалитет на испорачаните услуги, како и во определување методологија за утврдување на цената на чинење, како за индивидуалните, така и за групните социјални услуги.

Затоа, во рамките на Регионалниот проект на ГИЗ „Социјални права за ранливите групи“ се обезбеди поддршка на Министерството за труд и социјална политика за изработка на Методологија за утврдување на цените за социјалните услуги што се испорачуваат вонинституционално.

За изработката на предлог-методологијата беше користена надворешна експертиза и овој документ е резултат на експертскиот ангажман на Ристо Иванов, ангажиран преку Проектот на ГИЗ.

## Вовед

Деинституционализацијата е начин на обезбедување на социјалните услуги со кој државата се грижи само за обезбедување на правата и финансирањето, додека, пак, испораката на социјалните услуги се пренесува со Договор на приватни институции и организации.

Министерството за труд и социјална политика во започнатиот процес на децентрализација има потреба од донесување подзаконска рамка за утврдување на трошоците на социјалните услуги. Првиот чекор во тој процес е изработка на методологија за процена на трошокот за услугите од вонинсиституционална социјална заштита, согласно воспоставените стандарди.

Пристапот во изработката на методологијата опфати неколку чекори:

I. ***Прв чекор, Преглед на постојната практика во оваа област*** преку разгледување примери од соседството и искуства на земјите од ЕУ; размена на искуства со една земја членка на ЕУ и процена на состојбата за утврдување на трошоците на социјалните услуги во Република Македонија (разгледување на постојните документи). Размената на искуства се направи со Словенија преку електронска

комуникација (*Анекс – Извештај за размена на искуствата од Словенија*), а согледувањата се земените предвид при изработката на финалната верзија на методологијата;

II. ***Соработка со сите засегнати страни*** преку еден инклузивен процес, да предложи усогласени препораки за изработка на методологијата, како и нивно вклучување во донесувањето на методологијата;

III. ***Изработка на предлог-методологија*** за утврдување на трошокот за испорачана социјална услуга со предлог-структура на трошоците по услуга за: минимален стандард на услугата, повисок стандард и дополнителни услуги за корисникот;

IV. Презентирање на предлог-методологијата пред работната група на МТСП и дефинирање ***крајна верзија на документот***;

Презентацијата на првата верзија на методологијата се одржа на 17.4.2018 година во МТСП. Заклучокот беше да се коригираат постојните стандарди на услугите и врз основа на нив да се направи нова пресметка на цена по корисник.

V. ***Пресметка на трошоците за пет (5) услуги*** од вонинституционалната социјална заштита, со препораки за критериумот за пресметка на трошокот (по корисник или по час).

*Во текот на изработката на финалната верзија на методологијата се направија уште 2 пресметки за цените на услугите за ресоцијализација на зависници од дрога и алкохол и Услугите на Дневни центри за згрижување лица со физичка и ментална попреченост.*

Главните продукти што произлегуваат со овој пристап се:

1. Предлог-методологија за утврдување на трошокот за испорачана социјална услуга.
2. Врз основа на испорачаната методологија, подготовка на предлог-трошковник за 5 видови вонинституционални услуги: (а) Организирано живеење со поддршка; (б) Право на домашна нега и помош; (в) Сместување во мал групен дом; (г) Сместување во згрижувачко семејство и (д) Лична асистенција.

   *Дополнително се направени пресметки за уште две услуги: (ѓ) Услуга за ресоцијализација на лица што употребуваат (злоупотребуваат) дрога и други психотропни супстанции; и (е) Услуги на Дневниот центар за лица со интелектуална и физичка попреченост.*

Во документот се презентирани горенаведените чекори во изработката на продуктите за понатамошно користење од страна на Министерството за труд и социјална политика. Користените податоци и информации се прикажани преку цитати во фусноти (footnotes) и изворите на користените податоци во крајни забелешки (endnotes).

Во пристапот не се земени прашањата поврзани со Договарање на набавката (тендерски процедури, исплата од трет субјект, директен договор, јавно-приватно партнерство)[i] или начинот на децентрализација на услугите на ниво на општини.

# 1. ПРЕГЛЕД НА ПОСТОЈНАТА ПРАКТИКА ВО ДАВАЊЕТО СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Системот за социјални услуги вообичаено се гради за остварување две важни цели: 1) Да им помогне на луѓето и на семејствата да ги надминат ситуациите што ги ставаат во ризик од исклучување и 2) Да дадат таква поддршка што овозможува да се постигне вклучување „назад" во општеството. Врз основа на овие две цели се групираат и услугите, различно од земја до земја, за обезбедување: (а) помош за граѓаните изложени на ризик од исклучување и (б) поддршка за инклузија во општеството.

Преглед на практиките е групирана на следните нивоа: развиени земји од ЕУ, земјите од непосредното окружување и Република Македонија.

## *1.1 Држави на ЕУ*

Од земјите од ЕУ, како карактеристични примери[ii] се земени: Велика Британија, Унгарија и Холандија[1].

### ВЕЛИКА БРИТАНИЈА

Велика Британија е еден од најдобрите примери за давање услуги од заедницата и за градење долготрајни јавно-приватни партнерства во социјалната област (вклучително и социјални услуги за деца). Основен пристап во испораката на услугите е преку најдобро развиените и најдобро систематизираните рамки за јавно-приватни партнерства, која почнува да се развива од 1980 година. Два фактори се добро развиени во локалната култура при давање на услугите преку јавно-приватни партнерства: префрлање на услугите кон независен сектор и систем на контрола.

Главни тенденции на системот се:

- Трансформирање на улогата на Владата од давател на услуги во финансиер на услугите, која како нарачател се фокусира на обезбедување квалитет и на гарантирање фер пристап до пазарот;
- Менување на државните механизми на финансирање од грантови (финансирање на трошоците) во договор за услуги (финансирање стандард на услугата);
- Зголемување на улогата на локалната власт во склучување на договорите.

Давателите на услуги се однапред селектирани како подобни и се водат во регистар за лиценцирани даватели на услуги. Добивањето статус на подобен давател на услуги не гарантира добивање Договор за работа. Не постојат ограничувања за правните форми на давателите на услуги доколку ги исполнат критериумите за подобност.

Во случувањето на Договорите за услуги постои јасно разграничување на органите што го имаат тоа право на ниво на јавна власт и на ниво на локална власт.

**Шемите на финансирање** се следниве:

- **Индивидуални средства за услуги**, доделување средства на корисникот што тој самиот ги троши согласно своите потреби;

[1] Бугарија, Хрватска и Словенија се разгледува во следниот дел за земјите од непосредното окружување, регионот.

- **Индивидуални средства за услуги**, доделување средства со кои корисникот одлучува од кој давател на услуги ќе ги обезбеди. Се користат преку трипартитни Договори со јавен орган, давател на услуги и корисникот (средствата се исплаќаат на давателот на услугите);
- **Исплата според резултати (испорачана услуга)**, доделување средства на давателот на услугата по извршената верификација за испорачаната услуга (испораката ја финансира давателот на услугата до верификација на резултатите од услугата);
- **Добра вредност за пари** (јавно-приватни партнерство) финансирање на организацијата според учинокот, принципот на 3Е-економија, ефикасност и ефективност.

Главен предизвик за примената на овој модел се: (а) корисниците, јасно категоризирање на корисниците според потребите за услуги, (б) услугите, дефинирани стандарди на услугите (в) давателите на услуги, јасни критериум за подобност; (д) јавниот орган, јасен трошковник и компетенции за контрола на квалитет на услугата и учинокот на давателот на услугата.

### Унгарија

Унгарија нема општа правна дефиниција за „социјална услуга“. Меѓутоа, секторската правна рамка дозволува склучување договор во обласа на социјалната заштита и заштитата на децата. Меѓу другите услуги, наведени се: семејна грижа, оброци, грижа во домот, дневна грижа, институции за здравствена заштита, заводи за рехабилитација, резиденцијална грижа, институција за привремен престој, служба за заштита на деца, градинка, надзор над дете, привремен дом за семејства, привремен дом за деца, услуги за поддршка на лица со попреченост, услуги од заедницата за лица со психијатриски нарушувања и зависности, социјална работа на улица, домашна грижа со помош на алармен систем, кризен центар воден од привремените домови за семејствата.

**Давањето социјални услуги** во Унгарија се базира врз постапка за добивање т.н. дозвола за работа (лиценца) од владата. Лиценцата ќе биде истакната во просториите каде што се даваат услугите или други локации отворени за корисниците.

Финансирањето на услугите е доминантно преку општ механизам за одобрување државни средства, но постои и делумна децентрализација во давањето социјални услуги.

За финансирањето на давателите на услугите се користат два главни типа механизми:

- *Нормативна исплата* (исплата по корисник) главно за одржување на социјалните институции: домови за лица со попреченост; институции за деца без родителска грижа или резиденцијана домови за постари лица. Владата одредува цена по корисник и потоа им се исплаќа на давателите на услуги според бројот на корисниците.
- *Исплата според резултати*, која се состои од два елементи: (1) основна поддршка; и (2) исплата според резултатите. Основната поддршка е еднаква за сите даватели на услуги, додека, пак, исплатата според резултатите се заснова врз показатели, потрошени часови или километри превоз.

При користењето на механизмите постои систем на договарање со државата, но методот на пресметка и одобрувањето на трошоците не се јавно достапни за анализа.

### Холандија

Холандија има добро развиена социјална политика и систем во кои се вградени принципот на префрлање на социјалните услуги преку јавно-приватни партнерства (граѓански организации) и децентрализација на испораката на социјалните услуги на ниво на локална самоуправа.

И покрај широката дефиниција на социјалната услуга, фокусот е ставен на следните услуги: лична грижа; медицинска грижа; поддршка и насочување (во однос на организирање на животот); третман (услуги од специјалисти); и сместување.

Не постои ограничување за правната форма за давање социјални услуги (физички лица, граѓански организации, фирми), но постои процедура за акредитација пред да започнат со давање на услугите.

**Шемите на финансирање** се според принципот „парите го следат корисникот“, кој означува дека висината на сумата што ќе се додели на корисникот зависи од индивидуалните потреби на корисникот. Нему му се дозволува да го избира начинот на обезбедување на услугите: лични буџети (доделување средства според потребите) и поддршка во непарична помош (избор на институција што ќе им ја обезбеди грижата).

## *1.2 Земји од регионот и непосредното окружување*

Прегледот на искуства на регионот ги опфаќа следните земји: Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска и Словенија.

### Бугарија

Практиката во Бугарија е социјалните услуги да се третираат како важна алатка за социјална инклузија на лица со попреченост за вклучување во социјалниот систем[iii].

Социјалните услуги се категоризираат според две главни групи: (а) социјални услуги од заедницата, и (б) социјални услуги во специјализирани институции.

Механизмите за склучување договори за социјални услуги се: тендери и грантови.

Финансирањето на испорачаните услуги главно се врши преку:

- Такси платени од нарачателот на услугите, финансирани од државниот буџет според тарифникот на советот на Министри и локални такси за финансирање на услугите на ниво на општини.
- Финансирање по корисник („унифициран нормативен стандард“), преку одредување годишен трошок по корисник во случаите кога фокусот е ставен на услугите што ги користи поединецот.[2]

[2] Овој принцип на финансирање претпоставува методологија за пресметка на трошоците за испорака на услугите според „унифицираниот нормативен стандард“, како основа за деинституционализација на услугите. Сепак, експертот не успеа да пристапи до таков официјален документ. Врз основа на неформални разговори, информациите се дека овој стандард е финансиран со многу ниски трошоци, што ги демотивирало давателите на услугите да го испорачуваат.

- Грантови од општината, зависно од услугата што општината сака да ја испорачува на одредена категорија граѓани.

Системот овозможува, покрај државата и општините, приватни институции да се јават како даватели на услуги.

### Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина

Прегледот е групиран за трите земји[3]. Согледувањата се однесуваат на проблемите со кои се соочуваат во примена на методологијата за утврдување на трошоците на одредени социјални услуги[iv].

Во **Србија**, испораката на услугите е регулирана со Правилникот за поблиските услови и стандарди за давање социјални услуги.[4] Спецификацијата на услугата се врши според: (1) целта на Услугата; (2) групата корисници на кои се однесува услугата; и (3) активности што се преземаат за задоволување на потребите на корисниците.

Минималните стандарди за давање на услугата се состојат од:

1) *Минимални инфраструктури стандарди*, со кои се утврдуваат инфраструктурните, организациските и кадровските стандарди за давање на услугите.
    - *Инфраструктурните се однесуваат на локацијата на објектот и потребната опрема;*
    - Организациски, *одржување хигиена, управување со опасен отпад, пристапност на просторот за корисниците;*
    - *Кадровските, раководител и работници, работно време (дневно и ноќно).*
2) Минимални функционални стандарди, со кои се утврдуваат квалитативните и квантитативните димензии на стручните постапки.
    - *Прием, процена на корисникот и одредување на степенот на поддршка;*
    - *Критериуми за степените на поддршка од 1 до 4 (степен 1 е корисник со најголема поддршка, а степен 4 со најмала);*
    - *Планирање и испорака на услугата според утврдениот степен на поддршка и периодичните прегледи за степенот на поддршка;*
    - *Интерна евалуација за квалитетот на услугата и потребата за развој на кадарот, како и достапност на програмите на заедницата.*

Давателите на услуги треба да бидат лиценцирани за работа. Спецификациите на услугите и степените на поддршка се категоризирани во три групи услуги:

1. Услуги за сместување: згрижувачко семејство; прифатилиште, сместување за одмор (дневен, неделен или подолго);
2. Дневни услуги во заедницата: дневен престој; домашна нега; дневен центар – свратилиште; личен придружник на дете;

[3] Податоците за овие земји се добиени од Божидар Дакиќ, директор на Републичкиот завод за социјална заштита на Србија.

[4] Службен Весник РС бр. 42/2013.

3. Услуги за поддршка на самостоен живот: сместување со поддршка; личен асистент.

Специфицираните услуги се дефинирани според стандардите за инфраструктурните и функционалните критериуми и/или според типот на корисник и степенот на поддршка.

Главно согледување е дека во Србија во давањето социјални услуги повеќе е ставен акцент на критериумите и стандардите за потребните услови и активности што треба да се извршуваат (финансирање на институцијата), а помалку на дефинирање на услугата според квалитетот и квантитетот (финансирање на услугата).

Во Србија, подолго време се работи на изработка на методологија за утврдување на цените за социјалните услуги, но за таков документ сè уште не е постигната согласност.

Во **Црна Гора** е изработена методологија за цените за социјалните услуги, но не е усвоена и не се применува, со образложение дека е премногу комликувана за пресметка на трошоците.

Во **Босна и Херцеговина** не постои методологија, туку финансирање на трошоците на организацијата врз основа на прифатен финансиски план на институцијата.

### Хрватска

Во Хрватска, утврдувањето на критериумите и мерилата за утврдување на цените на социјалните услуги е во тек, како обврска од Националната стратегијата за создавање поволно окружување за развој на граѓанското општество. Според Законот за социјална заштита, се предвидуваат два начини за утврдување на цените на социјалните услуги[v]:

- Методологија за утврдување на цените за социјалните услуги што се испорачуваат во мрежата даватели на социјални услуги, а се регулира со Правилник што го пропишува Министерот надлежен за социјална заштита;
- За социјалните домови и установи, чиј основач е Република Хрватска, цената на услугата ја утврдува Министерот надлежен за социјалната заштита.

Во тек е изработка на методологија со која ќе се операционализира Законот, со цел утврдување на цените на услугите што се испорачуваат во мрежата даватели на социјални услуги. Правилникот за методологија треба да се однесува на сите институции, државни, регионални, општински, како и граѓански организации што испорачуваат социјални услуги.

Чекорите и активностите во изработката на методологијата се презентирани во акцискиот план на Националната стратегија.

### Словенија

**Стандарди и нормативи на услугите.** Во Словенија, социјалните услуги се дефинираат со два типа стандарди и нормативи: технички стандарди (простор, опрема и вработени) и содржински стандарди и нормативи (стандарди за квалитет на услугата). Претежно, дополнителните стандарди се дефинираат со содржински нормативи во индивидуалниот пакет услуги за корисникот, поточно што се нуди:

- **основна грижа** (престој, храна, чистење и одржување простории и транспорт);
- **социјална грижа** (лична хигиена, облекување, комуникација со околината);
- **едукација за живеење и комуникација со други луѓе** (подготовка за самостоен живот);

-  **едукација за вработување** (специјални образовни програми).

Во Правилникот за содржинските стандарди и нормативи за секоја социјална услуга се дадени: *Опис на услугата; Корисници или област на експертиза за која се однесува услугата; Процедура на спроведување на услугата; Времетраење на услугата; Методи на работа; Договарачи – испорачатели на услугата; Едукација и супервизија; Документација; и Нормативи за услугата, максимален број часови по корисник и/или максимален број услуги од страна на стручното лице.*

Двата типа стандарди и нормативи (технички и содржински) се основа за трошоците на услугата) што се земаат како елементи на цената.

Трошоците за овие два типа стандарди (технички и содржински) се елементи на цената што се пресметува врз основа на „Правилник за методологијата на утврдување на цените на социјалните услуги",[vi] со кој се дефинира:

- *Корисник на услугата*: лице примател на услугата дефиниран во Законот за социјална заштита и со Правилниците за примање социјална помош и/или услуга;
- *Стандардна социјална услуга* што се испорачува до нивото на дефинираниот стандард и нормативи, како и техничките услови за давање на социјалната услуга;
- *Услуга со повисок стандард* (дополнителни услуги) што се испорачува во услови со повисок квалитет од дефинираниот стандард, технички услови повисоки од оние што се дефинирани во стандардот што се нарекуваат дополнителни услуги;
- *Трошоци на услугата*, сите трошоци поврзани со испораката на услугата се земаат во предвид како елементи при формирањето на цената на услугата, без разлика кој ја плаќа цената;
- *Цена на услугата*, трошоците што треба да се платат од корисникот или купувачот на услугата, согласно утврдениот Правилник;
- *Субвенција*, дел од трошоците на социјалните услуги што се покриваат од буџетот (државен или општински);
- *Ефективни часови*, часови на работа директно поврзани со испораката на услугата на корисникот, кои се одредуваат со намалување на вкупните часови на вработениот за годишен одмор, професионална надградба, како и часови што не се поврзани со услужување на корисникот.

Како елементи за утврдување на цената на услугата се земаат предвид следните видови трошоци:

1) Плати, вклучуваат бруто-плата (нето, персонален данок и придонеси), регулирани со Колективните договори, а се калкулираат според: (а) Бројот на потребни работници за исполнување на стандардот за техничките и содржинските нормативи; (б) Систематизација на работни места на јавната институција одобрена од Министерот; или според (в) Колективни договори за областа на социјална заштита; (г) Други одредби за исплата на плати.

2) Материјали и услуги, сите и материјали и услуги потребни за испорака на услугата, вкалкулирани според нормативите на техничките услови и содржинските нормативи за стандардот за услугата.
3) Амортизација на просторот и опремата, која се калкулира според важечката регулатива.
4) Трошоци за инвестициско одржување, пресметни како трошоци за главни поправки, кои не можат да бидат поголеми од 30% од отписите за фиксни средства на објекти.
5) Финансирање, се однесува на трошоци за капитални инвестиции што не надминуваат 60% од материјалните фиксни средства во билансите. За овој износ се признава годишната каматна стапка како трошок за инвестицијата. Овој трошок се признава само за даватели на услуги што не се јавни институции.

Цените на социјалните услуги се определуваат врз основа на планираните просечни месечни трошоци, а се пресметуваат според елементите на цената по единица услуга што се мери, а може да биде, час, ден или месец.

Посебните карактеристики во утврдувањето на цените на социјалните услуги се прикажани за три типа услуги: (а) домашна нега, (б) индивидуални социјални услуги и (в) институционална заштита.

### (а) Домашна нега

Трошоците за помош на семејствата дома се состојат од:

i. <u>Директни трошоци на услугата за корисникот:</u>

1. Плати, стандард на услугата се 120 ефективни часови, со можност за корекции во зависност од спецификата на услугата, плус 3,83% зголемување за отсуство од работа;
2. Во материјали и услуги спаѓаат: транспортните трошоци, трошоци за заштитна/посебна опрема; медицински прегледи и осигурување; трошоци за едукација; и трошоци за канцелариски материјали;
3. Амортизација и инвестициско одржување за возило. Доколку трошоците за услуги се пресметуваат по километар, тогаш овие трошоци не се вклучени.

   *Напомена:* Вкупните трошоците под точка 1 и 2 можат да достигнат најмногу 15% од трошоците за плати на социјалните работници.

ii. <u>Трошоци за менаџментот (професионална подготовка, управување и координирање)</u>

1. Плати за раководител и координатор. Се пресметуваат врз основа на Колективен договор за бруто-плата, се преметуваат 0,5 плати на раководителот за 100 корисници и 0,5 плати за координатор на 20 социјални работници. Трошоците за административна работа, сметководство, финансии, компјутери и друга административна работа може да се вкалкулираат до максимум 75% од платите на раководителот и на координаторот.
2. Материјали и услуги, вклучуваат канцелариски материјали, чистење, вода и струја, телефон и интернет, банкарски провизии, обука, но не може да надминат повеќе од 20% од платите на раководителот и на координаторот.

3. Амортизацијата и инвестиционо одржување до 10% од платите на раководителот и на координаторот.

Трошоците за оваа услуга се определуваат со ефективен час услуга, а трошоците што влегуваат во услугата се пресметуваат како цена по час директна услуга за корисникот. Цената за час услуга во недела се зголемува за 40%, а за државни празници за 50%.

Усогласувањето на цените е еднаш годишно. Доколку во текот на годината настанеле промени во трошоците, можна е корекција на цена 15 дена пред завршувањето на годината.

(а) Индивидуална социјална услуга

Пресметката на трошоците за оваа услуга е иста како услугата помош на семејството дома. Се пресметува според ефективни часови услуга, а елементите на цената на услугата се трансформираат во часови услуга за корисникот.

в) Институционална заштита

Цените за институционална заштита се одредуваат според:

I. *Категоријата на корисниците*

I.1 Лица со над 65 години старост, распоредени во четири категории грижа, зависно нивните потреби. За секоја категорија се дефинирани минимални стандарди врз основа на кои се утврдуваат елементите на цената на услугата за соодветната категорија корисници. Цените се коригираат според понудените просторни услови на корисникот, над или под дефинираниот стандард[5];

I.2.Возрасни со посебни потреби (ментална попреченост, сетилни оштетувања, физички инвалидитет) групирани во четири категории, зависно од нивната попреченост. Цените се утврдуваат според елементите што ги формираат трошоците на услугата, а се коригираат според понудените просторни услови и одржувањето лична хигиена.

II. *Времето на давање на услугата/*времетраење на услугата во текот на денот

- 24 часа на ден (целодневна социјална заштита);
- Помалку од 24 часа на ден, во случај на дополнителна инклузија на корисникот, друга социјална услуга, рехабилитација или вработување;
- 10 часа дневно или пократко време (дневни центри за згрижување).

Дополнителните услуги се посебно дефинирани за овие две категории корисници на институционална заштита и се однесуваат на подобри просторни услови и услуги за лична хигиена и лична асистенција за корисникот.

Правилникот за методологијата на утврдување на цените на социјалните услуги е поддржан со детално разработени обрасци за пресметка на трошоците за секоја поединечна услуга, со цел утврдување на цената на услугата (за ефективните часови на испорака) по корисник.

Правилникот се однесува на јавни и приватни даватели на услуги. Секој давател на услугите, согласно обрасците, поднесува своја цена на услугата, а на предлогот дава согласност Министерот за социјални работи за субвенционирање на предложената цена. Субвенционирањето на цената може да биде од 50% до 100%, а во

[5] Стандард е двокреветна соба.

субвенционирањето (плаќањето на цената) учествува општината каде што живее корисникот.

Усогласувањето на цените се врши еднаш годишно, и тоа: за платите, според промените во Колективните договори и процентот на годишното зголемување на платите, и за материјали, услуги и одржување, според годишниот индекс на потрошувачките цени (потрошувачка кошница за трошоците за живот).

### Заклучоци

(1) Утврдување на цените во системот на социјални услуги е одредено од шест клучни прашања: (а) корисниците, јасно категоризирање на корисниците според потребите за услуги; (б) услугите, дефинирани стандарди на услугите; (в) даватели на услугите, јасни критериум за подобност; (г) начинот на набавка (јавна набавка, јавно-приватни партнерства, согласност на цени и грантови); (д) јавниот орган, јасен трошковник и компетенции за контрола на квалитетот на услугата и учинокот на давателот на услугата; и (ѓ) шемите на финансирање (индивидуални буџети за корисниците или набавка на услугата за потребите на корисникот – финансирање активности или резултати). Секоја земја има воспоставено свој систем во однос на наведените шест прашања, согласно нивните политики и потреби (Велика Британија, Унгарија и Холандија).

(2) Во сите разгледувани земји многу подетално се разработени услугите за обезбедување помош на граѓаните изложени на ризик од исклучување, додека, пак, услугите за поддршка за инклузија во општеството имаат второстепено значење.

(3) Земјите од регионот, непосредното окружување, немаат воспоставено методологија за утврдување на цените за социјалните услуги поради отсуството на јасно дефинирани стандарди на услугите и долгогодишното искуство на финансирање институции и активности во однос на искуството во финансирање социјални услуги.

(4) Практиката на Словенија може да биде добра основа за разработка на методологија за утврдување на цените за социјалните услуги. Презентираниот начин на утврдување на категориите на трошоците, кои се земаат како елементи на цената, можат да се применат за утврдување на цените за услугите во системот на услуги во Македонија. Прашањата за усогласување на цените според потребите на корисниците може да се регулираат преку обврската за барање согласност за цените на услугите, за да се изврши набавката на услугата. (*Повеќе за овие прашања во Извештајот за размената на искуства со Министерството за труд, семејство, социјални работи и еднакви можности, Директорат за социјални работи, преку секретарот Алеш Кенда.*)

## 1.3 Практика во Македонија

Законот за социјална заштита[6] го дефинира социјалната заштита како „систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на

[6] Службен весник на РМ бр. 148/2013.

сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита“.

Под социјален ризик, во смисла на овој закон, се подразбира: ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност); ризици од старост и стареење; ризици на еднородителско семејство, ризици од невработеност, губење приход за издржување врз основа на работа и слично; ризици од сиромаштија; и ризици од друг вид социјална исклученост.

Носители на социјалната заштита се Републиката, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, во рамките на нивните надлежности.

Владата ја утврдува мрежата на јавните установи за социјална заштита. При утврдување на мрежата установи, органот на државната управа надлежен за работите од областа на социјалната заштита доставува до Владата преглед на приватни установи за социјална заштита. Законот им овозможува на правни лица од државата, како и на физички лица, да основаат посебни правни субјекти што ќе даваат одредени услуги (на пример, грижа за претшколски деца).

Системот за социјална поддршка во Македонија главно содржи исплата на социјална помош и давање социјални услуги наведени во законот. Главните даватели на услуги сè уште се државните органи. Системот е многу централизиран, централните институции се вклучени во директното давање услуги. Не е забрането да се даваат услуги од страна на приватни даватели, но има две главни пречки што го ограничуваат нивниот развој во социјалната област: а) мора да поминат низ многу комплицирана процедура за да добијат дозвола за давање социјални услуги (блиску до процедурата за лиценцирање) и б) општото правило е дека дури и кога ќе ја добијат дозволата, немаат право да добиваат јавни средства за тие активности (постојат прилично мал број исклучоци и средствата што ги добиваат овие организации се за ограничени активности).

Државата ги задржува двете функции – процена на потребите и директна испорака на услуги. Центрите за социјална работа (ЦСР) ја спроведуваат функцијата на државата во однос на обезбедување пристап до социјална поддршка (парична помош и услуги) за ранливите групи.

Македонскиот систем за социјални услуги вклучува и резиденцијални и нерезиденцијални услуги. Деталните услови за потребните стандарди во однос на простор, опрема и персонал, нивоа на поддршка, методи и програма за реализација на поддршката, ги одредува Министерот за труд и социјална политика.

Финансиското планирање на услугите се базира врз принципот на трошок, што значи дека е ориентиран кон активности. Механизмот за мониторинг и евалуација на испораката на услугите главно се базира врз собирање податоци и евалуација на документи. Услугите се бесплатни за корисниците.

Врз основа на воспоставаниот систем на социјална заштита, направен е преглед за тоа како се регулирани шесте главни прашања (види заклучоци) во утврдувањето на цените на услугите:

Корисниците на социјална заштита, според законот, се државјани на Република Македонија што имаат постојано живеалиште во Република Македонија и странците што имаат регулиран постојан престој во Република Македонија, согласно закон.

Вонинституционалната заштита се остварува како поединец и како семејство. Подетално категоризирање на корисниците: деца, возрасни со попреченост, лица над 65 години старост.

Согледувањата за поуспешно спроведување на вонинституционалната заштита (подобро управување со услугите и финансирањето) се однесуваат на следново:

- Испораката на услугите е претежно дефинирана преку Правилници за техничките услови и стандарди на институциите за испорака на социјалните услуги (простор, опрема и стручен кадар). Отсуствуваат содржински стандарди што се основа за финансирање услуга, а не институција (за ова може да се искористи искуството на Словенија). За поточно утврдување на цената на услугата, потребно е макар да се утврдат содржински стандарди за: основната грижа (сместување, храна, чистење и одржување простор и транспорт), социјалната грижа (лична хигиена, облекување и комуникација со околината), едукација за посамостоен живот; и едукација за вработување.
- Не постои временски период за постигнување резултати во однос на посамостоен живот на корисникот (6 или 9 месеци), а по тој период, да се намали потребата од стручни лица во неговото живеење.
- Финансирањето на услугите и нивното менторирање е посложено поради отсуство на мерливоста на услугата (времетраење, максимален број часови во денот или неделата и слично).

### 1.3.1 Преглед на услуги за вонинституционална заштита

Вонинституционалната заштита[7] ги опфаќа следните услуги: прва социјална услуга на корисници на социјална заштита; помош на поединец; помош на семејство; дневно и привремено прифаќање и згрижување како помош на поединец и семејство.

<u>А. Домашна нега и помош на поединец и на семејството</u>[vii]

- ***Корисник:*** Му се обезбедува на старо, изнемоштено и лице со телесна попреченост и лице со умерена, тешка и длабока ментална попреченост, кое не е во состојба да се грижи за себе и поради тоа му се потребни нега и помош за задоволувањето на егзистенцијалните потреби.
- ***Видови услуги:*** Исхрана, набавка на ***храна; готвење***, лична ***хигиена,*** хигиена на домот, одржување постелнина и облека; ***облекување***, давање стручна, советодавна и психосоцијална ***поддршка*** на старите лица од страна на стручен тим (социјален работник, правник, лекар).
- ***Давател на услуга:*** Центар за давање помош во домашни услови.
- ***Стандард***: Простор, опрема и стручен кадар.
    - Простор (прием на странки, вработени, документација, гардероба, санитарии, готвење 15 $м^2$ и перење 15 $м^2$);
    - Опрема (за кујна, за перење и пеглање; за транспорт на храна, работна облека);

[7] Во Законот се опфатени повеќе социјални права. За потребите во изработка на методологијата, разгледувани се само петте социјални услуги за кои ќе се донесува методологијата.

- Стручни лица: (1 социјален работник на 50 корисници; 1 геренто-домаќинка на 5 корисници/дневно; доколку има услуги за храна (1 готвач, 1 помошник и 1 возач) и услуги за перење и пеглање (1 вработен).

- ***Начин на набавка***: Без информации.
- **Јавен орган за склучување Договор**: МТСП.
- **Шеми на финансирање**: Без информации за цената по услуга или за цената по пакет услуги.

## Б. Сместување во згрижувачко семејство[viii]

- ***Корисник:* Дете без родители и дете без родителска грижа** до оспособувањето за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршувањето средно образование, односно шест месеци по завршувањето на средното образование; **дете со воспитно-социјални проблеми** (малтретирано, занемарено и социјално необезбедено дете) и дете жртва на семејно насилство; малолетен сторител на кривично дело или прекршок, **лице со умерени и тешки пречки во менталниот развој**, лице со длабоки пречки во менталниот развој и лице со трајна телесна попреченост, на кое му се потребни трајно згрижување и нега; **старо лице, возрасно лице со телесна попреченост и лице со пречки во менталниот развој,** кое не е во состојба само да се грижи.
- ***Видови услуги:*** Сместување и згрижување на лицата во вид на општо, специјализирано, интервентно и привремено згрижување.
- ***Давател на услуга:*** Згрижувач согласно критериуми од законот.
- ***Стандард***: Дефиниран со Договор, стручен кадар – згрижувачот.
- ***Начин на набавка***: Договор.
- **Јавен орган за склучување Договор**: МТСП.
- **Шеми на финансирање**: Дефинирани во законот, сместување 5.000 денари/месечно и згрижување 1.500 денари/месечно (соодветно зголемување според спецификите на корисникот и видот на згрижување).

## В. Сместување во мал групен дом[ix]

- ***Корисник:* Дете без родители или без родителска грижа,** со воспитно-социјални проблеми, со пречки во менталниот или телесниот развој, лице со ментална или телесна попреченост, кое нема соодветни услови за живеење во своето семејство, кое нема семејство или од други причини му е потребно сместувањето во мал групен дом.
- ***Видови услуги:*** Сместување и згрижување на лицата, најмногу до 10 лица, од двата пола. Грижата се обезбедува на начин најблизок до семејното живеење и опфаќа помош за оспособување за самостојно живеење на корисниците:
  - задоволување на основните животни потреби, како што се домување, исхрана, одржување лична хигиена, обезбедување облека, нега и грижа за здравјето;
  - воспитување и образование, спроведување слободни активности и игра со детето;

- вклучување на децата во предучилишна установа, следење на школските и воншколските активности на детето, а во соработка со надлежниот центар за социјална работа, давање помош за оспособување на детето за самостоен живот по напуштањето на домот.

- ***Давател на услуга:*** Приватен давател на услуги – Граѓанска организација.
- ***Стандард***: Дефиниран со Правилник[8] за 10 лица, 24 часа грижа.
    - Простор (локација, простории, помошни, минимум 7 $м^2$/дете за спални и минимум 5 $м^2$/дете за кујна)[9];
    - Стручни лица: две стручни лица (психолог, педагог, дефектолог или социјален работник); тројца негуватели (ССС) и едно лице за подготвување храна.
- ***Начин на набавка***: Договор.
- **Јавен орган за склучување Договор**: МТСП.
- **Шеми на финансирање**: 24 часа обезбедена грижа.

## Г. Организирано живеење со поддршка[x]

- ***Корисник:*** (а) **лице со ментална или телесна попреченост**, (б) **деца без родители** и родителска грижа над 14-годишна возраст и (в) **деца со воспитно-социјални проблеми**, преку самостојно и организирано живеење во посебна станбена единица со постојана или повремена помош од стручни или од други лица во остварувањето на основните животни потреби, социјални, работни, културни, рекреативни и други потреби.
- ***Видови услуги:*** Сместување и згрижување на лицата, најмногу до 5 лица, поддршка на корисникот во станбената единица се обезбедува во зависност од неговата психофизичка состојба, а се насочува кон:
    - оспособување за самостоен живот, самостојно купување храна и учество во подготовка на секојдневните оброци, односно самостојно подготвување оброци;
    - развивање работни активности, помош при вработување;
    - превенција од ризични форми на однесување.
- ***Давател на услуга:*** Центар за социјални работи – Приватен давател на услуги – Граѓанска организација.
- ***Стандард***: Дефиниран со Правилник[10] за 5 лица.
    - Простор (локација, простории, помошни, минимум 7 $м^2$/дете за спални и минимум 5 $м^2$/дете за кујна).

---

[8] Правилник за начинот, видот и бројот на стручните лица за грижа на сместени лица, просторни услови и опрема за живеење во мал групен дом. (2009) Министер за труд и социјална политика, бр. 10-15054/1.

[9] Правилник, член 21-24.

[10] Правилник за поблиските услови за стандардите во поглед на потребен простор, опрема и стручен кадар, нивото на поддршка, начинот и програмата за остварување на поддршката за самостојно живеење во станбена единица, Службен весник на РМ бр. 161/09.

- Опрема – дневен престој: софа, витрина, фотељи, клупска масичка, ТВ-апарат, радиоапарат и ситна опрема; во просторијата за јадење: маси и столчиња; во спалните соби: кревети со димензии 90/200/50 сантиметри, гардероба со посебно место за секој корисник, стол-фотеља. Во спалните соби за корисници со телесна попреченост, растојанието помеѓу креветите треба да изнесува најмалку 120 см; во кујната: опрема за готвење, шпорет, фрижидер, прибор за јадење, чинии, канта за отпадоци; во бањата: када или туш-кабина, лавабо, вц-школка, пешкири, машина за перење и останато: пегла, светилки, грејни тела.
- Стручни лица: еден раководител на осум станбени единици (дефектолог, социјален работник, психолог или педагог); еден координатор за поддршка на четири станбени единици (дефектолог, социјален работник, психолог или педагог); за обезбедување постојана – 24-часовна поддршка, потребни се тројца негуватели – работни асистенти на една станбена единица (ВСС, ССС или основно образование), а доколку се обезбедува повремена поддршка, потребни се двајца негуватели – работни асистенти на една станбена единица (ВСС, ССС или основно образование).

- ***Начин на набавка***: Договор.
- **Јавен орган за склучување Договор**: МТСП.
- **Шеми на финансирање**: 24 часа постојана поддршка или повремена (во текот на денот или неколку пати во неделата).

### Д. Лична асистенција

- ***Корисник:*** Лица со физичка попреченост.
- ***Видови услуги:*** Лична поддршка за лицата со попреченост, да им овозможат да учествуваат во сите аспекти од секојдневниот живот, како што се вработување, транспорт, социјални и рекреативни активности итн.
- ***Давател на услуга:*** Приватен давател на услуги – Граѓанска организација.
- ***Стандард***: Дефиниран со проект.
  - *Стручни лица*: Личен асистент (1 на 2 корисници), координатор (1 вработен на 10 корисници);
  - *8 излегувања/месечно надвор* од живеалиштето.
- ***Начин на набавка***: Договор.
- **Јавен орган за склучување Договор**: МТСП.
- **Шеми на финансирање**: 80 ефективни часа/месечно, 20 неделно.

Табеларниот преглед на Услугите за вонинституционална заштита е Анекс 0.2 на овој документ.

## 2. Соработка со сите засегнати страни

Соработка со сите засегнати страни преку еден инклузивен процес, која е потребна за да се усогласат препораките за изработка на методологијата.

### 2.1 Работна група за методологијата за утврдување на цените за социјалните услуги

Во работната група (Комисија за примена и надополнување на Методологијата) потребно е да се вклучат надлежните од МСТП за:

1) Член 1, Категоризирање на корисниците, на кои ќе им се испорачуваат услугите за вонинституционална заштита. Консултациите би се однесувале на јасно дефинирање на корисниците за секоја од петте услуги.
2) Член 2, Јасно дефинирање на услугата според видот на корисникот и стандардите што се дефинирани во постојните правилници.
3) Член 3, Задолжен за Годишната програма за социјална заштита што ја носи Владата, а ја реализира МТСП, како и шемите за финансирање на поедините права и услуги.
4) Член 4, Одговорен за процедурите за јавни набавки и/или за склучување Договори за испорака на услугите. (Во досегашните буџети се планирани и се реализирани средства за финансирање вонинституционални услуги, пред сѐ, за дневните центри.)
5) Член 5, Од Граѓански организации – даватели на услуги, Детско село СОС, Х.Е.Р.А Скопје.
6) Други членови по предлог на Душан Томшиќ – раководител на групата.

### 2.2 Препораки до работната група во изработка на предлог-методологијата

Врз основа на направените прегледи на практиката во утврдување на цените на социјалните услуги, во изработката на предлог-методологијата се предлага да се земат предвид следните препораки:

1) Искуството на Словенија да се искористи на начин што пристапот во презентираниот Правилник за утврдување на цените на социјалните услуги во Словенија треба да се приспособи на практиката во Република Македонија и за утврдување на цените на петте социјални услуги.
2) Корисниците на услугите да се категоризираат во четири основни групи:
    - **дете без родители и дете без родителска грижа** до оспособувањето за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршувањето средно образование, односно шест месеци по завршувањето на средното образование, со следните видови услуги:
        - задоволување на основните животни потреби и обезбедување на безбедно и пријатно окружување;

  - o развој и зачувување на потенцијалот на корисникот;
  - o правна поддршка;
  - o поддршка за школување и вработување.

- **дете со воспитно-социјални проблеми** (малтретирано, занемарено и социјално необезбедено дете) и дете жртва на семејно насилство; малолетен сторител на кривично дело или прекршок;
- **лице со умерени и тешки пречки во менталниот развој**, лице со длабоки пречки во менталниот развој и лице со трајна телесна попреченост, на кое му се потребни трајно згрижување и нега, со следните категории попреченост:
  - o лица со долгорочни здравствени проблеми;
  - o лица со умерени пречки во менталниот развој;
  - o лица со сериозни пречки во менталниот развој;
  - o лица со повеќе нарушувања (ментален развој, сетилни и физики пречки);
  - o лица со сериозни и тешки пречки во мобилноста и во сетилата, кои не се способни за самостојно живеење.
- **старо лице,** кое не е во состојба само да се грижи, со следните категории:
  - o лица, кои поради староста, не се способности за целосно независен живот;
  - o лица со здравствени проблеми, кои имаат потреба од поголема директна лична асистенција;
  - o лица со сложени здравствени проблеми, кои имаат потреба за целосна лична асистенција: (а) за основните животни потреби, и (б) поради сериозни пречки во менталниот развој;
  - o лица со сериозни долгорочни здравствени и метални проблеми, кои имаат потреба од делумна или комплетна асистенција поради возраста и здравствените проблеми.

3) Во дефинирањето на трошоците како елементи на цената, да се тргне од основниот стандард на услугата, како што е дефиниран во Правилниците на Владата, а потоа да се коригираат за повисоките стандарди за дополнителните услуги, притоа опфаќајќи два вида трошоци:
   - Трошоци за услугата што директно му се испорачува на корисникот;
   - Трошоци за менаџирање на процесот за испорака на услугата (професионална подготовка, управување и координирање).
4) Пресметките на цените на поединечните даватели на услугите да бидат предмет на согласност од МТСП, а да не се утврдуваат преку јавни набавки. Секој давател на услуга да го поднесе формуларот за цената на услугата, а прифаќањето на цената да подлежи на согласност, со што се овозможува проверка и преговарање за цената со давателот на услугата.

## 4. Методологија за утврдување на цените за социјалните услуги за вонинституционална заштита

Методологијата се заснова врз препораките од работната група, со опфат на следните целини: општи правила за структурата на трошоците; елементите на цена за петте социјални услуги; издавање согласност и усогласување на цените на услугите; и обрасци – формулари за пресметување на трошоците како елемент на цената.

### ОПШТИ ПРАВИЛА ЗА ЦЕНИТЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ

(1) Методологијата ги определува главните елементи во формирањето на цената на социјалните услуги од член 26 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РМ бр. 148/2013).

Методологијата може да се користи и за други видови социјални услуги. Давателите на услугите ги утврдуваат цените за минималниот стандард и за дополнителните услуги, а во формуларот (образецот) ги презентираат поодделно цената за минималниот стандард и цената за дополнителните услуги.

Методологијата се однесува на корисниците на услугите во категоријата деца без родители, лица со пречки во менталниот развој и стари лица.

(2) Во користените термини во методологијата го имаа следното значење:

*Корисник на услугата*: лице примател на услугата дефиниран во Законот за социјална заштита и со Правилниците за примање социјална помош и/или услуга;

*Стандардна социјална услуга* што се испорачува до нивото на дефинираниот стандард и нормативи, како и техничките услови за давање на социјалната услуга, определени во Правилници;

*Услуга со повисок стандард* (дополнителни услуги), која се испорачува во услови со повисок квалитет од дефинираниот стандард, техничките услови повисоки од оние што се дефинирани во стандардот и услуги над содржинските стандарди и нормативи се нарекуваат дополнителни услуги;

*Трошоци на услугата*, сите трошоци поврзани со испораката на услугата, кои се земаат предвид како елементи при формирањето на цената на услугата, без разлика кој ја плаќа цената;

*Цена на услугата*, трошоците што треба да се платат од корисникот или од купувачот на услугата, согласно утврдениот Правилник;

*Субвенција*, дел од трошоците на социјалните услуги што се покриваат од буџетот (државен или општински);

*Ефективни часови*, часови на работа директно поврзани со испораката на услугата на корисникот, кои се одредуваат со намалување на вкупните часови на вработениот за годишен одмор, професионална надградба, како и часови што не се поврзани со услужување на корисникот.

(3) Трошоците за социјалната услуга, кои се земаат како елементи на цената, се:

- Плати;

- Материјали и услуги;
- Амортизација на просторот и опремата;
- Трошоци за инвестициско одржување.

Начинот на утврдување на секој од наведените трошоци е презентиран во следните точки.

(4) Плати, вклучуваат бруто-плата (нето, персонален данок и придонеси), регулирани со Колективните договори, годишни одмори, патни трошоци до работа и други бенефиции.

Пресметката на платите е според:

(а) бројот на потребни работници за исполнување на стандардот за техничките услови дефиниран во Правилникот;

(б) висината на платата за истото работно место во јавна институција што испорачува исти или слични услуги;

(в) други надоместоци што следуваат според Колективните договори за исплата на плати.

(5) Материјали и услуги се сите материјали и услуги потребни за испорака на услугата, вкалкулирани според нормативите на техничките услови за стандардот на услугата дефиниран во Правилникот. Во услугите каде што се обезбедува храна, трошоците се пресметани според нормативите за категоријата корисник, која ќе биде згрижена и/или поддржана[xi].

Во случаите на услуга за најмување простор, во цената на закупот влегуваат и трошоците за амортизација и одржување и не се пресметуваат повторно во елементите амортизација и инвестициско одржување.

Деталната пресметка на трошоците се прикажува во образецот за соодветната услуга, кој е анекс на методологијата.

(6) Амортизација на просторот и опремата се однесува на потребниот простор и опрема за исполнување на минималниот стандард на услугата и се калкулира според важечката регулатива за објекти и опрема.

(7) Трошоци за инвестициско одржување за нормално функционирање на просторот и опремата потребни за минималниот стандард.

Висината на трошоците за амортизација и инвестициско одржување можат да бидат ограничени согласно оваа методологија или со акт на Министерот за труд и социјална политика.

Трошоците за финансирање или инвестирање во услугата не се земаат како елемент на цената на услугата.

(8) Методот на пресметка на цената на услугата се заснова врз просечни месечни трошоци за услугата по корисник. Единица на услугата може да биде час, ден или месец, и се утврдува за секоја посебна услуга опфатена со оваа методологија.

Цената на услугата по корисник/месечно се утврдува со формуларот, подготвен за таа услуга, а кој е во прилог на методологијата.

За дополнителните услуги во обезбедувањето повисок стандард, давателот на услугата подготвува и поднесува образец посебно за одобрување.

Услугите се плаќаат за вкупниот број месеци во текот на една година, за кои корисникот ќе ја користи услугата на давателот на поединечната услуга.

# УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА ПОЕДИНЕЧНИТЕ УСЛУГИ

## ДОМАШНА НЕГА И ПОМОШ НА ПОЕДИНЕЦ И НА СЕМЕЈСТВОТО

(9) Трошоците за домашна нега и помош на поединец и на семејство се состојат од:

- Директни трошоци за услугата на корисникот;
- Трошоци за менаџментот (професионална подготовка, управување и координирање).

Стандардот на услугата со видовите трошоци е дефиниран во Правилник за нормативите и стандардите за простор, опрема, стручни кадри и средства потребни за основање и започнување со работа на установа за социјална заштита – центар за давање помош во домашни услови (Службен весник на РМ бр. 113/14).

(10) Директните трошоци за услугата на корисникот се состојат од:

(а) Плати на вработените согласно просечните бруто-плати за соодветното занимање, притоа калкулирајќи 120 ефективни часа работа за геренто-домаќинка, и 176 часа за вработените во кујната и во перbegalницата.

(б) Материјали и услуги, кои вклучуваат транспортни трошоци, трошоци за храна и средства за одржување лична хигиена и хигиена на станот. Трошоците за транспорт се пресметуваат според цена на услугата на јавен превоз или цена на потрошен бензин по километар.

(в) Амортизацијата на опремата и возилото се пресметува според законските важечки стапки во Република Македонија.

(г) Трошоците за инвестициско одржување се пресметуваат до висина од 10% од трошоците за плати на вработените за директната испорака на услугата.

Пресметките на трошоците се однесуваат за опслужување 50 корисници и врз основа на нив се пресметува цена по корисник/месечно.

(11) Трошоците за менаџментот опфаќа:

- Плата на еден социјален работник и еден хигиеничар за 50 корисници на услугата;
- Канцелариски материјал, амортизација и инвестициско одржување, но не поголемо од 10% од трошоците за плати во категоријата трошоци за менаџментот.

(12) Цената за оваа услуга е утврдена за Центарот за давање помош во домашни услови. Елементите на цената се групирани во трошоци за три подуслуги: домашна нега и помош, подготовка на храна и услуги за перење и пеглање. На овој начин, давателот на услугата може да обезбедува само дел од овие услуги, чија цена е утврдена по корисник месечно.

(13) Трошоците за директната услуга се пресметуваат во ефективни часови, 120 часа по работник или 44 часа по корисник. За работа во неделите, цената по час услуга се зголемува за 40%, а за работа на државни празници, цената на ефективниот час се зголемува за 50%.

(14) Цената на услугата по корисник се пресметува со Образец 1. Прво се користи Образец 1.0 за пресметка на вложувањето на давателот на услугата за пропишаниот стандард за услугата. Потоа, во Образец 1.1 се пресметуваат трошоците за утврдување на цената по корисник/месечно.

Обрасците со пресметките се составен дел на оваа методологија (ексел документ бр. 1).

Во образец 1.1а се пресметува цената по корисник само за домашна нега според содржинските нормативи за услугата.

### Сместување во згрижувачко семејство

(15) Трошоците за згрижувачко семејство се состојат од:

- Општо сместување и згрижување; и
- Трошоци за дополнителна грижа/инклузија.

Трошоците за специјализирано, интервентно и привремено згрижување се пресметуваат како број на часови што се коригираат со коефициенти согласно должината на згрижувањето.

Пресметките на цените на услугата се дефинирани во Правилникот за критериумите за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците што можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и видот и обемот на услугите од социјална заштита што му се обезбедуваат на семејното лице (Службен весник на РМ бр. 15/13).

(16) Трошоците за општо сместување опфаќаат трошоци за станот и се пресметуваат согласно цената на кирија и во овој трошок се вклучени сите трошоци (струја, вода, телефон и амортизација и одржување).

Во трошоците за згрижување се пресметуваат трошоците за храна, хигиена, облека и здравје.

(17) Трошоците за инклузија и дополнителни услуги опфаќаат културни, рекреативни и забавни, како минимален број услуги во текот на еден месец.

(18) Цените на услугата се утврдуваат месечно за еден корисник, користејќи го образецот бр. 2, анекс на оваа методологија. Цената по корисник/месечно се коригира согласно коефициентот за спецификите на корисникот.

### Организирано живеење со поддршка

(19) Трошоците за организирано живеење со поддршка се состојат од:

- Директни трошоци за услугата на корисникот;
- Трошоци за менаџментот (професионална подготовка, управување и координирање).

Стандардот на услугата со видовите трошоци се дефинирани во Правилник за поблиските услови за стандардите во поглед на потребен простор, опрема и стручен кадар, нивото на поддршка, начинот и програмата за остварување на поддршката за самостојно живеење во станбена единица (Службен весник на РМ бр. 161/09).

(20) Директните трошоци за услугата на корисникот се состојат од:

(а) Плати на вработените согласно просечните бруто-плати за соодветното занимање, притоа калкулирајќи 176 ефективни часа за негувателки – работни асистенти.

(б) Материјали и услуги вклучуваат трошоци за храна, хигиена, облека, здравје и осигурување, џепарлак и услуги за рекреација и забава.

(в) Амортизацијата и инвестициското одржување се пресметуваат како кирија за стан, во која се вклучени и трошоците за струја, вода и греење.

*Коментар*: *Цената на киријата за станот се намалува за 20% за давателите на услуги на корисници надвор од Скопје.*

Пресметките на трошоците се однесуваат за опслужување 5 или 7 корисници и врз основа на нив се пресметува цена по корисник/месечно за 24-часовна поддршка.

(21) Трошоците за менаџментот опфаќаат:

- Плата на еден раководител на 8 станбени единици, и на еден координатор на 4 станбени единици (социјален работник, дефектолог, педагог, психолог).

(22) Цената за оваа услуга е утврдена за 24-часовна поддршка на 5 корисници со ментална и телесна попреченост, 7 корисници – деца без родителска грижа и деца со воспитно-социјални проблеми. *За повремена поддршка, цената се намалува за платата на една негувателка*, а трошоците за материјали и услуги се пресметуваат на ниво од 70% од трошоците за 24-часовна поддршка.

(23) *Дополнение:* Цената по корисник се утврдува за услуга во која двајца корисници се во една спална соба. За тројца корисници во 1 спална соба, цената по корисник се намалува за 5%.

(24) Цената на услугата по корисник се пресметува со Образец 3. Прво се користи Образец 3.0 за пресметка на вложувањето на давателот на услугата за пропишаниот стандард за услугата. Потоа, во Образец 3.1 се пресметуваат трошоците за утврдување на цената по корисник/месечно.

Обрасците со пресметките се составен дел на оваа методологија (ексел документ бр. 3).

### СМЕСТУВАЊЕ ВО МАЛ ГРУПЕН ДОМ

(25) Трошоците за мал групен дом се состојат од директни трошоци за услугата на корисникот за:

- задоволување на основните животни потреби;

- воспитување и образование, спроведување слободни активности и игра со детето;
- вклучување на децата во предучилишна установа, следење на школските и вонишколските активности на детето.

Стандардот на услугата со видовите трошоци се дефинирани со Правилник за начинот, видот и бројот на стручните лица за давање грижа за сместените лица, просторните услови и опремата за живеење во мал групен дом (Службен весник на РМ бр. 139/09).

(26) Директните трошоци за услугата на корисникот се состојат од:

(а) Плати на вработените согласно просечните бруто-плати за соодветното занимање, притоа калкулирајќи 3 стручни лица, 2 негувателки и едно лице за подготовка на храна, сите со 176 ефективни часови.

(б) Материјали и услуги вклучуваат трошоци за храна, хигиена, облека, здравје и осигурување, џепарлак, школски и работни активности и услуги за рекреација и забава.

(в) Амортизацијата и инвестициското одржување се пресметуваат како кирија за стан, во која се вклучени и трошоците за струја, вода и греење.

*Коментар*: *Цената на киријата за станот се намалува за 20% за давателите на услуги на корисници надвор од Скопје.*

Пресметките на трошоците се однесуваат за опслужување 10 корисници и врз основа на нив се пресметува цена по корисник/месечно за 24-часовна поддршка.

(27) Цената за оваа услуга е утврдена за 24-часовна поддршка на 10 корисници. За повремена поддршка, цената се намалува за платата на една негувателка, а трошоците за материјали и услуги се пресметуваат на ниво од 70% од трошоците за 24-часовна поддршка.

*Дополнение:* Цената по корисник се утврдува за услуга во која двајца корисници се во една спална соба. За тројца корисници во 1 спална соба, цената по корисник се намалува за 5%.

(28) Цената на услугата по корисник се пресметува со Образец 4. Прво се користи Образец 4.0 за пресметка на вложувањето на давателот на услугата за пропишаниот стандард за услугата. Потоа, во Образец 4.1 се пресметуваат трошоците за утврдување на цената по корисник/месечно.

Обрасците со пресметките се составен дел на оваа методологија (ексел документ бр. 4).

### Лична асистенција

(29) Трошоците за лична асистенција се состојат од:

- Директни трошоци за услугата на корисникот;
- Трошоци за менаџментот (професионална подготовка, управување и координирање)

Стандардот на услугата со видовите трошоци се дефинирани со проект за иновативни услуги за социјална инклузија[11].

(30) Директните трошоци за услугата на корисникот се состојат од:

(а) Плата на личен асистент, притоа калкулирајќи 80 ефективни часа за еден корисник.

(б) Материјали и услуги вклучуваат транспорт до корисникот во два правци, според цената на билетите за јавен транспорт.

Пресметките на трошоците се однесуваат за опслужување 2 корисници од еден асистент во еден месец.

(31) Трошоците за менаџментот опфаќаат:

- Плата на еден координатор на 10 корисници на лична асистенција, како 10 ефективни часа по корисник/месечно;
- Материјали и услуги, набавки за канцелариски материјал и транспортни трошоци за 2 посети на корисникот, пресметани како трошоци за 70 км растојание во два правци.

(32) Цената на услугата се пресметува за 80 ефективни часа/месечно по корисник. За помал или за поголем број часови на лична асистенција, месечната цена по корисник се пресметува со множење на ефективните часови со утврдената цена за еден ефективен час на услугата.

(33) Елементите на цената на услугата се пресметуваат со Образец 5. Прво се користи Образец 5.0 за пресметка на вложувањето на давателот на услугата за пропишаниот стандард за услугата. Потоа, во Образец 5.1 се пресметуваат трошоците за утврдување на цената по корисник/месечно.

Обрасците со пресметките се составен дел на оваа методологија (ексел документ бр. 5).

## ИЗДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ И УСОГЛАСУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ

(34) Давателот на услугата поднесува барање за испорака на услугата, заедно со образецот за пресметка на цената на услугата, со јасна Листа на категоријата корисници што ќе го опслужува и нивниот број.

Давателот на услугата поднесува и документ за регистрирање како давател на услугата во рамките на мрежата институции во Република Македонија, утврдена од Министерството за труд и социјална политика.

(35) Министерството за труд и социјална политика во период од 30 дена одлучува за давање согласност за користење на услугите на барателот – давателот на услуги.

(36) Усогласување на утврдените цени на петте социјални услуги се врши на следниот начин:

- Трошоците за плати, според промените во Колективните договори, и годишниот реален пораст на бруто-платите;

[11] https://www.facebook.com/socialinclusion/

- Трошоците за материјали и услуги, според индексот на потрошувачки цени (декември – декември);

  http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

- Трошоците за амортизација (Законот за сметководство) и инвестициско одржување, според индексот на потрошувачки цени (декември – декември).

(37) Усогласувањето на цените се врши еднаш годишно, но не подоцна од 1 февруари, од страна на Министерот за труд и социјална политика.

(38) Во период од 90 дена по донесувањето на методологијата, ги пропишува деталните инструкции за спроведување на методологијата и набавка на услугите според утврдените цени.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

(39) Овој правилник се применува и за другите услуги за вонинституционална заштита, согласно условите и критериумите за техничките стандарди и содржинските стандарди и нормативи за услугата.

(40) Овој правилник се менува врз основа на промените во Правилниците за нормативите и стандардите за простор, опрема и стручен кадар за соодветната социјална услуга.

# Анекси

1) **Анекс 0.1 Табеларен преглед на петте социјални услуги**
2) **Образец 1 Стандард и цени за домашна нега и помош на поединец и на семејство**
3) **Образец 2 Стандард и цена за згрижувачко семејство**
4) **Образец 3 Стандард и цена за организирано живеење со поддршка**
5) **Образец 4 Стандард и цена за мал групен дом**
6) **Образец 5 Стандард и цена за лична асистенција**
7) **Образец 6 Стандард и цена за социјална рехабилитација на лица што употребуваат, односно злоупотребуваат дрога и други психотропни супстанции**
8) **Образец 7 Стандард и цени на услугата Дневен центар за лица со интелектуална и физичка попреченост**

## Користена документација и линкови

[i] СОС Детско село (2016) „ДОГОВОРИ ЗА СОЦИЈАНИ УСЛУГИ – Механизам за подобри решенија по пат на партнерство, Компаративна анализа и аналитички извештај за Договорите за социјални услуги“, стр. 12-13.

[ii] СОС Детско село (2016) „ДОГОВОРИ ЗА СОЦИЈАНИ УСЛУГИ – Механизам за подобри решенија по пат на партнерство, Компаративна анализа и аналитички извештај за Договорите за социјални услуги“, стр. 14-38.

[iii] СОС Детско село (2016) „ДОГОВОРИ ЗА СОЦИЈАНИ УСЛУГИ – Механизам за подобри решенија по пат на партнерство, Компаративна анализа и аналитички извештај за Договорите за социјални услуги“, стр. 39-46.

[iv] Анекс 1 на овој документ, Одговори на прашања од Божидар Дакиќ, директор на Републички завод за социјална заштита на Србија.

[v] http://strategija.udruge.hr/index.php/aktivnosti/id-141-odrediti-kriterije-i-mjerila-za-utvrdivanje-cijena-socijalnih-usluga-koje-pruzaju-organizacije-civilnoga-drustva.html

[vi] Правилник за утврдување на цените за социјалните услуги, Uradni List Republike Slovenije br. 87/2006 https://www.uradni-list.si/glasilo-uradni-list-rs/vsebina/2006-01-3814?sop=2006-01-3814

[vii] Правилник за нормативите и стандардите за простор, опрема, стручни кадри и средства потребни за основање и започнување со работа на установа за социјална заштита – центар за давање помош во домашни услови (Службен весник на РМ бр. 113/14).

[viii] Правилник за критериумите за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците што можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и видот и обемот на услугите од социјална заштита што му се обезбедуваат на семејното лице (Службен весник на РМ бр. 15/13).

[ix] Правилник за начинот, видот и бројот на стручните лица за давање грижа за сместените лица, просторните услови и опремата за живеење во мал групен дом (Службен весник на РМ бр. 139/09).

[x] Правилник за поблиските услови за стандардите во поглед на потребен простор, опрема и стручен кадар, нивото на поддршка, начинот и програмата за остварување на поддршката за самостојно живеење во станбена единица (Службен весник на РМ бр. 161/09).

[xi] Правилник за нормативите за целодневна исхрана на корисниците во установите за институционална социјална заштита (Службен весник на РМ бр. 87/2015).

**Анекс 1 – Табела – Услуги за вон-инстотуционална заштита.**

| Р. бр | Вон-инситуционална заштита | Корисник:. | Видови услуги | Стандард: | Давател на услуга | Шеми на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
